РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1280/4
04.04.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 26.03.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Методија Јанчески.

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втор кат.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 24.03.2025 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.03.2025 година.
3. Предлог-одлука за продолжување на рокот за започнување со вршење на дејноста на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СКВЕР ДООЕЛ Куманово.
4. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – Услуга за мобилна телефонија.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од првото продолжение на 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 24.03.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.03.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи предложената Одлука за продолжување на рокот за започнување со вршење на дејноста на ТРД РАДИО СКВЕР ДООЕЛ Куманово. Тој објасни дека физичкото лице Саша Митиќ од Куманово добил дозвола за радио емитување на подрачјето на општина Куманово. По поднесување на потребната документација, Трговското радиодифузно друштво, основано од кандидатот на конкурсот, се обврза да започне со вршење на дејноста на 01.04.2025 година. Меѓутоа, полномошникот на управителот на ТРД РАДИО СКВЕР ДООЕЛ Куманово поднесе Барање за продолжување на рокот за започнување со работа, наведувајќи дека поради трагедијата во Кочани на 16.03.2025 година, како и непланираните откажувања на одредени активности и обврски предизвикани од оваа непредвидлива ситуација, се појавиле задоцнувања во програмската и техничката подготовка на радиото. Поради овие околности, не било извесно дали сите подготовки ќе завршат до предвидениот рок – 01.04.2025 година. Со оглед на тоа, беше побарано рокот за започнување со вршење на дејноста да се продолжи до 03.05.2025 година. Г-дин Трајчевски наведе дека продолжувањето на рокот нема да предизвика негативни финансиски последици за Агенцијата, бидејќи ќе се издаде фактура на радиодифузерот независно од тоа што радиото сè уште не започнало со работа. Доколку Советот на Агенцијата не го одобри продолжувањето на рокот, постои можност радиодифузерот да одбие да ја плати фактурата. Посочи дека досегашната практика на Агенцијата во последните дваесет и неколку години, е дека во сите случаи кога нов радиодифузер побарал одложување на почетокот на работењето, Советот позитивно одлучувал. Во евентуална судска постапка, би било тешко да се аргументира зошто на овој радиодифузер не би му било одобрено продолжување на рокот, додека на други им било дозволено. Со оглед на тоа дека станува збор за одложување од 31 ден, тој предложи Советот да го одобри барањето на радиодифузерот. Дополнително, доколку радиодифузерот ја плати фактурата, тоа ќе биде потврда за неговата сериозна намера да започне со работа.

Г-дин Петрушевски истакна дека во самиот допис, радиодифузерот навел дека техничкото лице задолжено за изработка на техничкиот дел и инсталирање на опремата е од Кочани и поради трагедијата во Кочани, која погодила негови блиски роднини и пријатели, не бил во можност да ги заврши предвидените активности навремено и согласно договореното. Г-дин Петрушевски нагласи дека ќе го поддржи барањето на радиодифузерот, оценувајќи дека тоа е во интерес на медиумот и локалната самоуправа во Куманово.

Г-дин Трајчевски објасни дека рокот за започнување со работа го утврдува самиот радиодифузер. Тој потенцираше дека кандидатот можел уште на почетокот да

определи подолг рок, на пример до крајот на годината, но исто така, доколку подготовките завршат порано, радиодифузерот може пред предвидениот рок да започне со работа и соодветно да ја извести Агенцијата. Дополнително, нагласи дека рокот за започнување со работа не е утврден со Закон или од страна на Агенцијата, туку исклучиво од самиот кандидат.

Г-дин Фиданоски истакна дека секогаш кога се отвора нов медиум, Агенцијата како регулатор треба да излезе во пресрет. Се согласи дека досегашната пракса на Агенцијата и Советот била да одобруваат продолжување на рокот за започнување со работа на радиодифузерите, со цел тие да можат да ги завршат сите неопходни подготовки за успешно стартување. Тој нагласи дека Агенцијата треба да покаже разбирање како регулатор, независно од проблемите со логистичката подготовка наведени во барањето, кои произлегуваат од трагедијата во Кочани. Врз основа на тоа, изјави дека ќе даде поддршка за барањето.

Г-дин Трајчев изјави дека ги разгледал аргументите наведени во барањето за неможноста радиодифузерот да започне со работа во предвидениот рок, при што оцени дека причините, поврзани со трагедијата во Кочани, се објективни. Тој постави прашање до Агенцијата во врска со постапката водена за доделување на дозволата на овој радиодифузер. Со оглед на тоа што во член 74 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги рокот за започнување и вршење на дејноста е критериум за оценување, праша дали на конкурсот имало и други кандидати, дали дадениот рок влијаел врз изборот и носењето на одлуката, особено имајќи предвид дека член 82 од ЗААВМУ предвидува можност за одземање на дозволата доколку радиодифузерот не започне со работа во зададениот рок?

Г-дин Трајчевски објасни дека на конкурсот за доделување на дозвола за радио емитување немало други кандидати освен ова физичко лице, кое конкурирало како единствен кандидат. Тој дополнително посочи дека, дури и ако се започне постапка за одземање на дозволата, прво треба на 1 април 2025г. да се констатира дека радиодифузерот не започнал со работа. Потоа, во рок од три дена треба да се закаже седница на Советот, по што, согласно Законот, радиодифузерот ќе добие дополнителни 15 дена за усогласување со законските обврски. Со оглед на овие процедури, истекот на овие рокови би се преклопил со периодот кој го побарал радиодифузерот за продолжување на рокот.

Г-дин Трајчев постави прашање дали во конкурсната документација бил предвиден конкретен рок за започнување со работа или истиот бил одреден од самиот кандидат?

Г-дин Трајчевски појасни дека рокот го утврдува самиот кандидат во поднесената документација. Тој оцени дека најверојатно станува збор за неискуство, бидејќи поискусните кандидати секогаш предвидуваат подолг рок за започнување со работа. Овој случај се одликува со релативно краток рок, со оглед на тоа што одлуката за доделување на дозволата била донесена на почетокот на февруари, а рокот за започнување со работа бил поставен на 1 април 2025г.

Советот на Агенцијата со 4 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Трајчев донесе Одлука за продолжување на рокот за започнување со вршење на дејноста на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СКВЕР ДООЕЛ Куманово за радио емитување на програмски сервис, говорно-музичко радио од општ формат во кое

застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции, на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово.

Трговското радиодифузно друштво РАДИО СКВЕР ДООЕЛ Куманово, се обврзува да започне со вршење на дејноста на 03.05.2025 година.

Во случај на непочитување на горенаведениот рок за започнување со вршење на дејноста, согласно член 82 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата ќе ја одземе доделената дозвола пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга за мобилна телефонија. Таа објасни дека станува збор за набавка предвидена во Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2025 година, за која средствата се обезбедени во Финансискиот план за 2025 година, а дополнително ќе бидат предвидени и во Финансискиот план за 2026 година. Ова е потребно бидејќи договорот што ќе произлезе од оваа јавна набавка ќе биде склучен на период од две години. Раководителката информираше дека, согласно предвидениот износ, набавката ќе биде спроведена како поедноставена отворена постапка, во целосна согласност со одредбите од Законот за јавни набавки. Постапката ќе започне со објавување на оглас во електронскиот систем за јавни набавки и во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Таа исто така истакна дека сите дополнителни информации поврзани со оваа набавка се содржани во доставените материјали за седницата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: мобилна телефонија.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Услуга за мобилна телефонија, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5321/1 од 27.12.2024 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026-та година.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**